РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ

# ИНДИКАТОРИ

## ЗА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА

## НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА СО РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

СКОПЈЕ, 2024 ГОДИНА

**Благодарност**

**Изработката на Индикаторите за квалитетот на работата на основните училишта со ресурсен центар е изготвена во рамките на проектот Инклузија на деца со посебни образовни потреби, спроведуван од Здружението за асистивна технологија Отворете ги прозорците, со поддршка од Детската фондација Песталоци.**

**Работна група**

**Претставници од Државен просветен инспекторат:**

**Бесим Алија, Државен просветен инспектор**

**Мирјана Насковска, Државен просветен инспектор**

**Сања Јакимовска, Државен просветен инспектор**

**Сенад Сулејмани, Државен просветен инспектор**

**Претставници од основни училишта со ресурсен центар:**

**Лорета Андреевска, основно училиште со ресурсен центар „Иднина“, Скопје**

**Марија Делетиќ, основно училиште со ресурсен центар „Др. Златан Сремец“, Скопје**

**Надворешни соработници:**

**Радмила Стојковска Алексова, Тим лидер, Здружение за асистивна технологија Отворете ги прозорците**

## Индикатори за квалитет на работата на основните училишта со ресурсен центар

**Вовед:**

Основните училишта со ресурсен центар имаат специфична и значајна улога во обезбедувањето на инклузивно образование, со посебен акцент на учениците со попреченост и посебни образовни потреби. За разлика од основни училишта, овие училишта се фокусираат на обезбедување на специјализирана рехабилитациона, едукативна и ресурсна поддршка, со цел да ги поддржи не само на учениците, туку и на нивните семејства и воспитно образовен кадар.

Целта на овој документ е да обезбеди јасни и мерливи индикатори за оценување на квалитетот на работата на основните училишта со ресурсен центар. Индикаторите се дизајнирани да помогнат во проценката на ефективноста на училиштата во обезбедувањето на инклузивна средина, како и поддршка прилагодена на индивидуалните потреби на учениците. Преку овие индикатори, училиштата ќе можат да ги идентификуваат своите силни и слаби страни, со цел континуирано унапредување на образовниот процес.

Документот е насочен кон мерење на четири клучни области: планирање на наставата, постигнувања на учениците, училишна клима и управување. Индикаторите се наменети за основните училишта со ресурсен центар и не се применливи за стандардните основни училишта или за средните училишта, кои имаат различни образовни цели и структури.

Овие индикатори ќе им помогнат на училиштата со ресурсен центар да го подобрат квалитетот на поддршката што ја нудат, со цел создавање инклузивно и поддржувачко образовно опкружување кое ќе одговара на потребите на сите ученици.

**Опис на подрачја, индикатори, теми и нивоа**

Индикаторите кои се дел од оваа рамка се организирани во четири клучни подрачја (соодветни на рамката за самоевалуација и на интегралната евалуација) кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето:

1. Планирање, настава и учење

2. Постигнувања на учениците

3. Училишна клима

4. Управување, раководење и креирање политики

Секоја клучна област содржи одреден број на индикатори за квалитет. Пример, подрачјето 1: Планирање, настава и учење ги содржи следните индикатори за квалитет:

1.1 Планирање на наставниците

1.2 Наставен процес

1.3 Образовна, советодавна, рехабилитациона и ресурсна поддршка на воспотно- образовни установи во сите нивоа на образование

1.4 Оценувањето на ученици со попреченост

1.5 Воннаставни активности и натпревари

Секој индикатор има одреден број на теми кои се однесуваат на одредена активност што се следи во училиштето. Пример, индикаторот

1.4 Оценување на ученици со попреченост ги содржи темите:

1.4.1. Следење и оценување на сите ученици според ИОП и модифицирана програма

1.4.2. Методи, форми, техники и инспетрументи на оценување

1.4.3. Користење на информациите од оценувањето во наставата

Целта на основното училиште со ресурсен центар е да обезбеди квалитетно образование и поддршка во процесот на инклузивно образование на учениците со попреченост. Центарот има за задача да создаде средина во која секој ученик може да ги развие своите потенцијали и да постигнува образовни цели, без оглед на нивната индивидуална состојба. За секоја тема во рамките на работата се развиени конкретни дескриптори кои ја дефинираат очекуваната состојба за исполнување на дадените теми и индикатори. Евалуацијата опфаќа четири нивоа на постигнување (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува), со цел да се обезбеди систематска проценка на јаките и слабите страни на ресурсниот центар во неговата работа со учениците со попреченост.

Дескрипторите вклучуваат специфични илустрации кои имаат за цел да создадат заедничко разбирање за балансот меѓу јаките и слабите страни на основното училиште со ресурсниот центар.

**Училиштата се оценуваат со**

1. **Многу добро:**

Основното училиште со ресурсен центар се оценува како „многу добро“ кога воспитно-образовниот процес и поддршката на учениците со попреченост се одликуваат со преовладувачки јаки страни. Во вакви случаи, напредокот на учениците е континуиран, а ако постојат слабости, тие не влијаат значително на искуствата на учениците. Овој стандард означува дека училиштето успешно ги задоволува потребите на учениците, создавајќи услови за нивен образовен и личен развој. Важно е училиштето да го одржува ова високо ниво и да продолжи да ги применува и споделува добрите практики. Училиште со оваа оценка треба да биде пример и да ги инспирира другите основни училишта со ресурсен центар.

2. **Добро :**

Основното училиште со ресурсен центар се оценува како „добро“, а тоа значи дека постојат бројни јаки страни во поддршката на учениците со попреченост, но има и неколку слаби страни кои не се критични, но сепак влијаат на квалитетот на искуствата на учениците. Иако учениците добиваат соодветна поддршка, постои простор за унапредување, како на пример зголемување на предизвиците за учениците или подобрување на индивидуалните пристапи кон нив. Оваа евалуација покажува дека училиштето функционира добро, но треба да преземе мерки за дополнително подобрување.

3. **Делумно задоволува:**

Оценката делумно задоволува се применува за аспекти на работата на основното училиште со ресурсен центар кои покажуваат присуство на некои јаки страни, но истовремено значителни слаби страни во поддршката на учениците со попреченост. Ова укажува на потребата за структурни и навремени активности за подобрување. Училиштето треба да ги идентификува слабите страни и да работи на нив за да ги подобри условите и квалитетот на поддршката за учениците со попреченост и поддршка на инклузивното образование.

4. **Не задоволува:**

Оценката не задоволува се применува кога основното училиште со ресурсен центар има значајни слаби страни во работата со учениците со попреченост, кои бараат дополнителни активности и интервенции. Напредокот на учениците е намален , особено во клучни аспекти на образованието. Оваа оценка укажува на тоа дека воспитно образовниот процес и поддршката на инклузивното образование е незадоволителна и дека е потребна дополнителна поддршка за планирање и спроведување на соодветни активности за подобрување и поддршка од искусни колеги или надворешни експерти за подобрување на условите за работа со учениците со попреченост.

**Квантитификување на дескрипторите**

Во дескрипторите за секоја тема се појавуваат изрази кои означуваат квантитет, т.е. количина на субјекти за кои се однесува одредена состојба (на пр. најголем број од наставниците, мал број од учениците, и сл.). Со цел воедначено претставување на информациите, изразите за квантитет треба да соодветствуваат на процентуалните податоци добиени на различни начини (анкети, списоци за учество и сл.), согласно следните насоки:

81% - 100% Најголем број

51% - 80% Поголем број

30%-50% Мал број

0% - 29% Незначителен број

**Триангулација на податоците**

За да се осигура точноста и веродостојноста на индикаторите за квалитет на училиштата, од суштинско значење е да се користат низа податоци од различни извори (т.н. триангулација) бидејќи ниту една мерка не може да даде сеопфатна слика. Ова вклучува собирање и анализа на податоци од повеќе извори, како што се податоците за постигањата на учениците, набљудувањата на наставниците и повратните информации од родителите и учениците. Со триангулирање на податоците, училиштата можат да добијат посеопфатно разбирање за нивните перформанси и попрецизно да ги идентификуваат областите за подобрување.

Постојат повеќе начини на кои може да се соберат докази за нивоата на квалитет: преку разговори со засегнатите страни, пополнување и анализа на резултати од анкетни прашалници, директно набљудување и анализа на документи. Подолу (Фигура 1) е даден пример за

различните видови податоци кои може/треба да се собираат за да се даде колку што е можно посеопфатна и реална слика за состојбите во училиштето.

**Слика 1. Триангулација на податоци**




Како дополнување на секој индикатор постои дел со извори на податоци од каде училиштата и инспекторите треба да ги црпат релевантни информации за секој индикатор.

| **ПОДРАЧЈЕ 1. ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ** | | |
|---|---|---|
| **Број** | **Индикатор** | **Теми** |
| 1.1 | Планирања на воспитно-образовниот кадар | • **Планирање на наставата на наставниците.**<br>• **Планирање на индивидуална и специјализирана поддршка од страна на стручните соработници – специјален едукатор и рехабилитатор, логопед, социјален работник, психолог**<br>• **Планирање на видот на поддршка на инклузивното образование, обезбедени од стручни соработници - специјалните едукатори и рехабилитатори.**<br>• **Планирање на стручните соработници - образовни асистенти за поддршка на учениците**<br>• **Поддршка и следење на планирањата на наставниците (стручните соработници)**<br>• **Размена на искуства и информации меѓу стручните соработници, наставниците и образовните асистенти за планирање и реализација на најдобрите стратегии за поддршка на учениците со попреченост.** |
| 1.2 | Наставен процес | • **Реализација на наставни планови и програми** прилагодени во согласност со потребите на учениците со попреченост,<br>• **Реализација на индивидуални образовни планови (ИОП)**:.<br>• **Реализација на модифицирани програми**:.<br>• **Избор на наставни предмети**:.<br>• **Избор на задачи, активности и на ресурси**:.<br>• **Флексибилна интеракција меѓу наставниците и учениците**:<br>• **Активности за меѓуетничка интеграција во образованието, прилагодени на способностите на учениците**: |

| | | |
|---|---|---|
| 1.3 | Образовна, советодавна, рехабилитациона и ресурсна подршка на воспитно образовни установи во сите нивоа на образование | • **Поддршка и развој на ресурсни услуги во училиштата со ресурсен центар**:<br>• **Развивање на ресурсни услуги во заедницата**: |
| 1.4 | Оценувањето на ученици со ПОП | • **Следење и оценување на учениците со попреченост според ИОП и модифицирана програма:**.<br>• **Методи, форми, техники и инструменти на оценување:**<br>• **Користење на информациите од оценувањето во наставата:** |
| 1.5 | Воннаставни активности и натпревари | • **Обем и разновидност на планирани и реализирани воннаставни активности.**<br>• **Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности**<br>• **Потикнување, вклученост и поддршка на учениците за учество во натпревари** |
| **2 ПОДРАЧЈЕ: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |
| 2.1 | Постигнувања на учениците | • **Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според воспитно образовни периоди,**<br>• **Редовно информирање на родителите/старателите за постигнувањата на учениците** |
| 2.2 | Мерки за подобрување на постигањата | • **Поддршка на редовноста во наставата за учениците со попреченост преку соодветни методи и пристапи на учење за создавање на инклузивна училишна средина.**<br>• **Советување на родители/старатели и ученици за унапредување на образовните резултати, со фокус на индивидуалните потреби и развојни цели.**<br>• **Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **дополнителната настава, со акцент на развој на вештини и способности во согласност со ИОП и модифицираните програми.** |
| **3 ПОДРАЧЈЕ: УЧИЛИШНА КЛИМА** | | |
| 3.1 | Училишна клима и односи во училиштето | • **Углед/имиџ на училиштето**<br>• **Кодекс на однесување ( наставници, родители, вработени и адаптитан за учениците**<br>• **Училишна клима**<br>• **Поведение и дисциплина во училиштето** |
| 3.2 | Еднаквост и правичност | • **Ученичко организирање (во ученички парламент, правобранител со поддршка на родителите)**<br>• **Еднаков и правичен третман на сите ученици** |
| 3.3 | Партнерски однос со заедницата | • **Соработка на училиштето со родителите/старателите**<br>• **Соработка со МОН, БРО локалната и урбаната заедница**<br>• **Соработка со воспитно-образовни установи** |
| 3.4 | Севкупна грижа за учениците | • **Превенција и заштита од насилство**<br>• **Заштита од пушење, алкохол и од дрога**<br>• **Квалитет на достапна храна**<br>• **Хигиена и заштита од болести**<br>• **Грижа за безбедноста на учениците и вработените**<br>• **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства**<br>• **Грижа за учениците со здравствени проблеми**<br>• **Грижа за учениците со емоционални тешкотии**<br>• **Давање помош при изборот за продолжување на образованието и поддршка за учениците со попреченост, со цел да се овозможи нивен успешен транзиционен процес.** |
| **4 ПОДРАЧЈЕ: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 4.1 | Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето<br>• Управување и раководење со ресурсите<br>• Раководење со кадарот<br>• Следење и унапредување на наставниот процес наставник/специјален едукатор и рехабилитатор<br>• Следење и унапредување на наставниот процес стручен соработник/ образовен асистент |
| 4.2 | Цели и креирање на училишната политика | • Процедури за креирање на училишната политика<br>• Резултати од развојно планирање<br>• Планирање и управување со училишниот буџет |

1. **Планирање, настава и учење**

| Индикатор | Теми | Дескриптори |
|---|---|---|
| 1.1. Планирања на воспитно - образовниот кадар | • Планирање на наставата на наставниците | **Многу добро:** најголем број наставници и стручни соработници – специјални едукатори и рехабилитатори во училиштето со ресурсен центар секоја учебна година навремено изготвуваат планирање според наставните планови и програми, согласно препораката од стручната служба за проценка -МКФ. Ги прилагодуваат наставните активности на индивидуалните потреби и способности на учениците со ПОП.<br><br>**Добро:** голем број наставници и стручни соработници – специјални едукатори и рехабилитатори во училиштето секоја учебна година изготвуваат планирање во согласност со наставните планови и програми и според препораката од стручната служба за проценка-МКФ. Делумно ги прилагодуваат активностите на потребите и способностите на учениците со попреченост, но не секогаш целосно ги следат препораките од стручната служба за проценка по МКФ.<br><br>**Делумно задоволува:** Мал број од наставниците и стручните соработници – специјални едукатори и рехабилитатори во училиштето со ресурсен центар секоја учебна година навремено изготвуваат планирање според наставните планови и програми. Многу од нив не се запознаени сопрепораките од МКФ проценката и делумно ги прилагодуваат активностите на индивидуалните потреби на учениците со попреченост, а препораките од стручната служба за проценка по МКФ не се следат систематски.<br><br>**Не задоволува:** незначителен број од наставниците и стручните соработници – специјални едукатори и рехабилитатори не успеваат да изготват планирање според наставните планови и програми учениците. Тие не се запознаени со МКФ проценката и не ги прилагодуваат активностите на индивидуалните потреби на учениците со попреченост. Препораките од стручната служба за проценка по МКФ не се следат, што значително влијае на квалитетот на образованието. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Планирање на **индивидуална и специјализирана поддршка** од страна на стручните соработници – специјален едукатор и рехабилитатор, логопед, социјален работник, психолог<br><br>. | **Многу добро:**<br>Во текот на учебната година, најголем број на стручни соработници – специјални едукатори и рехабилитатори, редовно и навремено планираат индивидуална и специјализирана поддршка за учениците, во согласност со препораките од стручната служба за проценка на МКФ. Оваа поддршка е вградена во наставниот процес, што значително придонесува за напредокот и успехот на учениците со попреченост.<br><br>**Добро:**<br>Во текот на учебната година, голем број стручни соработници – специјални едукатори и рехабилитатори, навремено планираат индивидуална и специјализирана поддршка за учениците, согласно препораките од стручната служба за проценка на МКФ. Поддршката е ефективна, но постојат области за подобрување во ресурсите и обуките, кои би ја зголемиле нејзината ефикасност.<br><br>**Делумно задоволува:**<br>Во текот на учебната година, само мал број од стручните соработници – специјални едукатори и рехабилитатори, успеваат да планираат индивидуална и специјализирана поддршка за учениците согласно препораките од стручната служба за проценка на МКФ. Ова планирање е нецелосно и често не ги задоволува потребите на учениците, што може да влијае на нивниот напредок.<br><br>**Не задоволува:**<br>Во текот на учебната година, стручните соработници – специјални едукатори и рехабилитатори, ретко или никогаш не планираат индивидуална и специјализирана поддршка за учениците, во согласност со препораките од стручната служба за проценка на МКФ. Ова значи дека учениците не добиваат потребна поддршка, што значително влијае на нивниот образовен напредок и вклученост во училишниот живот. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Планирање на **видот на** поддршка на инклузивното образование, обезбедени од стручни соработници **-** специјалните едукатори и рехабилитатори | **Многу добро:** најголем број од стручните соработници специјални едукатори за ресурсни услуги навремено планираат ресурсни услуги за поддршка на инклузивното образование согласно Упатството за соработка помеѓу основните училишта и основните училишта со ресурсен центар. Тие активно соработуваат со наставниците и родителите за да обезбедат прилагодена поддршка.<br><br>**Добро:** голем број од стручните соработници специјални едукатори за ресурсни услуги планираат ресурсни услуги за поддршка на инклузивното образование согласно Упатството за соработка, но не сите секогаш ја следат целосно процедурата. Понекогаш има недостаток во комуникацијата со наставниците за индивидуалните потреби на учениците.<br><br>**Делумно задоволува:** мал број од стручните соработници специјални едукатори навремено планираат ресурсни услуги за поддршка на инклузивното образование. Сепак, многу од нив не се запознаени со Упатството за соработка и не ја прилагодуваат поддршката на индивидуалните потреби на учениците со попреченост.<br><br>**Не задоволува:** незначителен број од стручните соработници специјални едукатори навремено планираат ресурсни услуги за поддршка на инклузивното образование. Многу од нив не следат упатствата за соработка, што резултира со ограничена поддршка за учениците со попреченост и неадекватно прилагодување на активностите. |

| | | |
|---|---|---|
| | •Планирање на стручните соработници - образовни асистенти за поддршка на учениците | **Многу добро**:<br>најголем бројстручни соработници – образовни асистенти навремено планираат и обезбедуваат индивидуализирана поддршка на учениците при реализација на воспитно-образовниот процес, осигурувајќи дека секој ученик добива соодветни ресурси и помош за постигнување на своите образовни цели.<br><br>**Добро**:<br>голем број од стручните соработници – образовни асистенти редовно планираат соодветна поддршка за учениците. Иако планирањето е навремено, постои простор за подобрување во следењето на индивидуалните потреби на учениците.<br><br>**Делумно задоволува**:<br>мал број од стручните соработници – образовни асистенти покажуваат некои напори во планирањето на поддршката, но не успеваат секогаш да ја обезбедат потребната помош на сите ученици. Често, поддршката не е целосно прилагодена на индивидуалните потреби.<br><br>**Не задоволува**:<br>незначителен број од стручните соработници – образовни асистенти не изготвуваат навремени планови за поддршка на учениците, што резултира со значителни недостатоци во обезбедувањето на соодветна помош, што негативно влијае на напредокот и вклученоста на учениците во воспитно-образовниот процес. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците (стручните соработници) | **Многу добро:** Училиштето со ресурсен центар обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници - специјални едукатори за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба, директорот и/или назначено лице следат планирањата на наставниците, а има и утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, стручните соработници - специјални едукатори и/или од лица назначени од стручните органи.<br><br>**Добро:** Училиштето со ресурсен центар обезбедува обука на наставниците и стручните соработници - специјални едукатори за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Не секогаш се врши дисеминација од спроведените обуки за планирањата на наставниците и стручните соработници. На почетокот на наставната година се разгледуваат планирањата на наставниците од директорот, стручните соработници - специјални едукатори и/или од лица назначени од стручните органи, но нема утврдени процедури за давање поддршка за подобрување.<br><br>**Делумно задоволува:** Училиштето со ресурсен центар обезбедува обука на наставниците и стручните соработници - специјални едукатори за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Малиот број обучени наставници не спроведуваат редовна дисеминација на информациите за планирањата. Планирањата на наставниците се разгледуваат само на почетокот на учебната година од директорот и стручните соработници - специјални едукатори, без утврдени механизми за давање поддршка за подобрување.<br><br>**Не задоволува:** Училиштето со ресурсен центар не обезбедува редовна обука на наставниците и стручните соработници - специјални едукатори за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Планирањата на наставниците не се следат систематски од страна на директорот или стручната служба, а нема ниту утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување на планирањата. |
| | • **Размена на искуства и информации** меѓу стручните соработници, наставниците и образовните асистенти за планирање и реализација на најдобрите стратегии | **Многу добро:**<br>Наставниците и стручните соработници, вклучувајќи специјални едукатори, разменуваат искуства за планирањата најмалку два пати во полугодие во рамките на стручните активности. Тие активно користат стручни искуства од различни медиуми, како и од регионалната соработка со други училишта. Планирањата кај најголем дел од наставниците и стручните соработници се подобрени како резултат на размената на искуства и примена на стручни |

| | | |
|---|---|---|
| | за поддршка на учениците со попреченост | ресурси.<br><br>**Добро:**<br>Наставниците и стручните соработници, вклучувајќи специјални едукатори, редовно учествуваат во стручните активности и користат стручни искуства од различни медиуми, но размената на искуства не е систематски спроведена. Планирањата кај дел од наставниците и стручните соработници покажуваат напредок, но тоа не е конзистентно.<br><br>**Делумно задоволува:**<br>Наставниците и стручните соработници, вклучувајќи специјални едукатори, индивидуално ги изработуваат своите планирања и понекогаш користат стручни искуства од различни медиуми. Кај мал број од наставниците и стручните соработници, планирањата се подобрени како резултат на користење на стручни ресурси, но размената на искуства не е редовна.<br><br>**Не задоволува:**<br>најголем број  од наставниците и стручните соработници, вклучувајќи специјални едукатори, не учествуваат во размена на искуства во рамките на стручните активности. Планирањата често не се подобрени, а недостатокот на соработка со други училишта и ограничени стручни ресурси влијаат негативно на квалитетот на планирањето |

**Документи:**

- Наставни планови и програми одобрени од Министерството за образование и наука (МОН)
- Национални стандарди за постигнувања во образованието
- Упатства и препораки за работа на стручните соработници – специјални едукатори и рехабилитатори во училиштата со ресурсен центар
- Наод и мислење од стручната служба за Меѓународна класификација на функционалност (МКФ)

**Извори на податоци:**

- Годишна програма за работа на училиштето, вклучувајќи специфични активности за поддршка на учениците со попреченост
- МКФ проценка на учениците, со акцент на препораките за индивидуалните потреби и способности
- Планирања на наставниците и стручните соработници, со фокус на прилагодување на наставните активности за учениците со попреченост
- Списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки за наставниците и стручните соработници, со акцент на инклузивни методи на работа
- Записници и списоци од состаноци на стручни активи, вклучувајќи теми поврзани со инклузивното образование
- Анкети спроведени со наставниците за нивното задоволство и потреби во работењето со учениците со попреченост
- Интервјуа со директорот и стручните соработници за нивните искуства и проценки во примената на инклузивни стратегии
- Извештаи од стручни соработници –специјални едукатори и рехабилитатори за следење на планирањата на наставниците, со посебен осврт на инклузивноста и адаптацијата на наставните методи.

| | | |
|---|---|---|
| 1.2.Наставен процес | • **Реализација на наставни планови и програми** прилагодени во согласност со потребите на учениците со попреченост, | **Многу добро:** Во основното училиште со ресурсен центар, наставата во одделенска и предметна настава, по сите наставни предмети, вклучувајќи ги и специфичните содржини за учениците со попреченост, се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуство на наставник/специјален едукатор и рехабилитатор (породилно отсуство, боледување или слично), наставата непречено продолжува со соодветен заменски кадар, кој вклучува специјални едукатори и рехабилитатори. Наставниот план и програма се реализираат целосно, а индивидуалните потреби на учениците со попреченост се почитуваат преку навремено прилагодување од страна на специјалните едукатори и рехабилитатори, следејќи ја меѓународната класификација на функционалност (МКФ).<br><br>**Добро:** Наставата во основното училиште со ресурсен центар по сите предмети се реализира во пропишаниот обем. Во повеќето случаи, училиштето успева да обезбеди заменски кадар при отсуство на наставници, а заменскиот кадар вообичаено има основна подготовка за работа со ученици со попреченост. Специјалните едукатори и рехабилитатори се вклучени во процесот на планирање и спроведување на наставата, но понекогаш е потребна дополнителна поддршка и обука за заменските наставници.<br><br>**Делумно задоволува:** Во основното училиште со ресурсен центар, наставата се реализира, но постојат потешкотии при обезбедување соодветна замена за наставници, особено за оние кои работат со ученици со попреченост. Специјалните едукатори и рехабилитатори не се секогаш достапни за поддршка при замени, што доведува до непотполна реализација на наставниот план и програма, особено во прилагодување на наставата за учениците со попреченост.<br><br>**Не задоволува:** Во основното училиште со ресурсен центар, наставата редовно не се реализира во пропишаниот обем, а училиштето не успева да обезбеди соодветна замена при отсуства на наставници, особено специјални едукатори и рехабилитатори. Ова сериозно влијае врз квалитетот на наставата и поддршката за учениците со попреченост, со значителни пропусти во реализацијата на наставниот план и програма. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Реализација на ИОП | **Многу добро:** Наставата во одделенска и предметна настава се реализира редовно и во целосен обем, во согласност со Индивидуалните образовни планови (ИОП) за учениците со попреченост.. Во случаи на отсуства на наставник, училиштето веднаш обезбедува замена, а планирањето и наставата продолжуваат непречено, вклучувајќи ги сите ученици со попреченост без прекин на поддршката.<br><br>**Добро:** Наставата во одделенска и предметна настава по повеќето предмети се реализира во пропишаниот обем, но со повремени застои во примена на ИОП. Во случаи на отсуства на наставник, училиштето обезбедува замена, но понекогаш се јавуваат потешкотии во координацијата со специјалните едукатори, што го намалува квалитетот на поддршката за учениците со попреченост.<br><br>**Делумно задоволува:** Наставата во одделенска и предметна настава по мал број предмети се реализира редовно, но со значителни пропусти во примена на ИОП. Замени за отсуствата на наставниците се организираат нередовно, што дополнително го отежнува образовниот процес и интеграцијата на учениците.<br><br>**Не задоволува:** Наставата во одделенска и предметна настава се реализира нецелосно или нередовно. ИОП не се применува или се применува со големи задоцнувања. Во случаи на отсуство на наставник, училиштето не успева да обезбеди соодветна замена, што доведува до сериозни прекини во наставата и целосна неинклузија на учениците со попреченост. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Реализација на модифицирана програма | **Многу добро:** Наставата по модифицирана програма во одделенска и предметна настава се реализира редовно и во целосен обем, согласно Упатството за работа по модифицирана програма.. Постојат утврдени процедури за следење на резултатите и напредокот на учениците, а наставниците добиваат постојана поддршка во примената на модифицираните програми. Редовно се врши евалуација и ревизија на програмите, со цел постигнување на оптимални образовни резултати.<br><br>**Добро:** Наставата по модифицирана програма во одделенска и предметна настава се реализира според упатството, Иако повеќето ученици со попреченост добиваат навремена поддршка, понекогаш постојат доцнења во примената на одредени методи или материјали. Следењето на напредокот е делумно систематизирано, а евалуациите се вршат повремено, но без целосно вклучување на сите фактори кои влијаат на успехот на ученикот.<br><br>**Делумно задоволува:** Наставата по модифицирана програма во одделенска и предметна настава се реализира само за некои наставни предмети, и тоа со ограничено почитување на Упатството за работа по модифицирана програма. Планирањата на наставата се вршат со отстапки од предвидените цели и методи, а евалуацијата на програмите е нецелосна или недоволно ефикасна.<br><br>**Не задоволува:** Наставата по модифицирана програма во одделенска и предметна настава не се реализира согласно упатството. Учениците со попреченост не добиваат адекватна поддршка, Постојат значителни пропусти во следењето на резултатите и евалуацијата на напредокот на учениците, што го оневозможува развојот на образовните капацитети на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Избор на наставни предмети | **Многу добро:** Изборните и слободните изборни активности и предмети во училиштето со ресурсен центар се во согласност со наставните планови и програми, Учебната програма вклучува прилагодени активности за учениците со попреченост, со цел да се обезбеди нивна активно учество во сите предмети. Наставниците и стручните соработници редовно ги анализираат интересите на учениците и ги адаптираат предметите за да се исполнат нивните индивидуални потреби.<br><br>**Добро:** Училиштето со ресурсен центар нуди изборни и слободни изборни предмети, но постои потреба од подобрување на прилагодувањето на активностите за учениците со попреченост. Иако предметите се реализираат, не секогаш постојат адекватни адаптации и поддршка за овие ученици, што може да влијае на нивното учество и ангажираност.<br><br>**Делумно задоволува:** Училиштето нуди изборни и слободни изборни предмети, но само мал дел од нив се прилагодени за учениците со попреченост. Наставниците понекогаш не се запознаени со спецификите на потребите на овие ученици, што доведува до ограничено учество во изборните активности.<br><br>**Не задоволува:** Изборните и слободните изборни предмети во училиштето со ресурсен центар не се доволно прилагодени за учениците со попреченост. Повеќето предмети се реализираат без специфични адаптации или поддршка. Потребно е итно подобрување на планирањето и реализацијата на овие предмети, со фокус на индивидуалните потреби на сите ученици. |
| | • Избор на задачи, активности и ресурси | **Многу добро**: најголем број наставници задачи и активности ги прилагодуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. При тоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата, како што се: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку примена на дигитални алатки и програми. Најголем број наставници применуваат методи и техники според индивидуалните потреби на учениците<br><br>**Добро**: голем број наставници, задачите и активностите делумно ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците без. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Голем број наставници користат различни ресурси, како и современи приоди во наставата, но тоа не е секогаш присутно во сите наставни часови. Делумно се применуваат методи и техники кои се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците, но не во целосен обем.<br><br>**Делумно задоволува**: мал број наставници, задачите и активностите делумно ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. На ограничен број од наставните часови се користат различни ресурси, како и современи приоди во наставата. Методите и техниките што се применуваат не се целосно усогласени со индивидуалните потреби на учениците, што резултира со недоволна поддршка за нивно учење.<br><br>**Не задоволува:** Незначителен број од наставниците, воопшто не ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните образовни потреби на учениците без говор и со комплексни потреби. Ретко се користат различни ресурси и современи приоди во наставата, што доведува до неадекватна поддршка за учениците и недостаток на инклузивна средина за учење. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Флексибилна интеракција меѓу наставниците и учениците | **Многу добро**: најголем број наставници ги приспособуваат методите и техниките на индивидуалните потреби на учениците со попреченост, особено ученици без говор и со комплексни потреби. Преку употреба на асистивни технологии како комуникациски табели, апликации за алтернативна комуникација и визуелни симболи, наставниците создаваат поддржувачка и инклузивна средина. Учениците учествуваат во интерактивни активности како искуствено учење, учење преку проект, игра и решавање проблеми, што им овозможува развој на практични вештини. На часовите, интеракцијата е флексибилна, прилагодена на нивото на комуникација и функционалност на секој ученик, со цел да се постигнат целите на часот. Учениците се поттикнуваат слободно да се изразат на начини соодветни за нив.<br><br>**Добро**: голем број од наставниците приспособуваат задачи и активности за учениците со попреченост. При тоа, тие користат некои асистивни технологии и визуелни симболи, но не секогаш сите ресурси се искористени. На часовите, учениците учествуваат во активности како учење преку игра, но не секогаш е приспособено за сите индивидуални потреби. Интеракцијата на часовите е соодветна, но не секогаш доволно флексибилна за да се прилагоди на сите ученици.<br><br>**Делумно задоволува:** мал број од наставниците приспособуваат активности за учениците со попреченост, особено за оние без говор и со комплексни потреби. Асистивните технологии и визуелните симболи се користат во ограничен обем, а мал дел од активностите се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците. Мал број од учениците можат слободно да се изразат на начин соодветен за нив.<br><br>**Не задоволува**: незначителен број од наставниците ги приспособуваат активности и задачи за учениците со попреченост, Не се користат асистивни технологии и визуелни симболи. Интеракцијата помеѓу наставниците и учениците е ограничена, а учениците не се охрабруваат да се изразат или да учествуваат активно во наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието прилагодени на способностите на учениците | **Многу добро**: Тимот за училишна интеграција (ТУИ) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за ученици со попреченост, согласно Индивидуалните образовни планови (ИОП) и Годишниот план за работа на училиштето (ГПРУ). Овие активности вклучуваат проекти добиени преку грантови од Министерството за образование и наука (МОН) и партнерски организации, кои се приспособени на специфичните потреби на учениците. ТУИ подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците и реализацијата на активностите, вклучително и иновативни пристапи во поддршката за учење. Тимот редовно се координира со Комисија за мултикултурна и инклузивно образование (МИО) и активно учествува во активности за подддршка на инклузијата.<br><br>**Добро**: ТУИ спроведува дел од активностите за ученици со попреченост планирани во акцискиот план.Тимот подготвува извештаи за спроведените активности, но извештаите не секогаш се целосно подготвени или навремено поднесени. Координацијата со Комисијата за МИО се одвива, но не се сите активности комплетно реализирани или оптимално прилагодени за специфичните потреби на учениците.<br><br>**Делумно задоволува**: ТУИ го следи спроведувањето на дел од активностите за ученици со попреченост, но активностите кои се предвидени со акцискиот план не се целосно реализирани или документирани. Тимот има ограничена координација со Комисијата за МИО.<br><br>**Не задоволува**: ТУИ не го следи спроведувањето на активностите за ученици со попреченост и не реализира проекти добиени преку грантови од МОН или партнерски организации. Недостига координација со Комисијата за МИО, што резултира во непостигнување на целите за инклузија. |

**Документи**

Основни документи:

1. Концепција за основно образование (МОН/БРО, 2020)
2. Концепција за инклузивно образование (БРО, 2020)
3. Водич за слободните изборни предмети во основното образование (БРО, 2021)
4. Водич за работа на Училишниот инклузивен тим (БРО, 2018)

5. Упатство за работа со ученици со посебни образовни потреби (МОН, 2020)
6. Упатство за организирање заеднички наставни часови (МЦГО, 2021)

Извори на податоци:

1. Годишна програма за работа на училиштето
2. Распоред на часови
3. Е-дневник
4. Педагошка евиденција и документација
5. Списоци и извештаи од реализирани обуки за наставниците и стручните соработници
6. Записници од состаноци на стручни активи
7. Анкети со наставници, ученици и родители
8. Дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители
9. Интервјуа со директорот и стручните соработници
10. Извештаи од посети на наставни часови
11. Решенија за формален инклузивен тим на училиштето
12. Изработени индивидуални образовни планови (ИОП) и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби
13. Записници од состаноци на училишните формални тимови за инклузија односно,стручни соработници, специјални едукатори и рехабилитатори кои работат на инклузија и поддршка на учениците со попреченост.
14. Извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ)
15. Извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција
16. Материјали од постапката за определување изборни / слободни изборни предмети и активности
17. Планирања за изборни предмети

Дополнителни документи:

1. Национален акциски план за инклузија во образованието (2023)
2. Прирачник за дигитални алатки во инклузивната настава (2022)
3. Закон за основно образование (последна измена)
4. Закон за заштита од дискриминација (последна измена)
5. Препораки за инклузивна пракса во образованието (БРО, 2021)

| | | |
|---|---|---|
| 1.3.Образовна, советодавна, рехабилитациона и ресурсна поддршка на воспитно-образовни установи во сите нивоа на образование | • Ресурсни услуги во сите нивоа на образование | **Многу добро**: Училиштето активно обезбедува најголем дел од ресурсните услуги за поддршка во учењето за учениците со попреченост и нивното учество во образовниот процес во согласност со Упатството за соработка со основните училишта со ресурсен центар и Концепцијата за инклузивно образование во сите нивоа на образование. Ова подразбира дека училиштето нуди 70% или повеќе од вкупниот број потребни услуги за поддршка на учениците со попреченост и нивното учество во образовниот процес, вклучувајќи умерени и комплексни потреби. Овие услуги се организирани во согласност со индивидуалните образовни планови (ИОП) и модифицирани програми, што овозможува целосно вклучување на учениците во наставниот процес.<br><br>**Добро**: Училиштето обезбедува значителен дел на ресурсни услуги за поддршка на учењето за учениците со попреченост и нивното учество во образовниот процес согласно Упатството и Концепцијата за инклузивно образование, но постојат некои области за подобрување. Ова подразбира дека училиштето нуди помеѓу 50% и 70% од вкупниот број потребна поддршка на учениците со попреченост. Иако учениците добиваат основна поддршка, потребна е дополнителна флексибилност и ресурси за да се задоволат сите нивни индивидуални потреби.<br><br>**Делумно задоволува** Училиштето обезбедува ограничен број на ресурсни услуги за поддршка во учењето за учениците со попреченост и нивното учество во образовниот процес во согласност со Упатството и Концепцијата за инклузивно образование. Ова се смета за "мал број" на видоови поддршка , што значи помалку од 30% од вкупниот број потребни или достапни ресурси за поддршка на учениците со попреченост. На пример, ако училиштето нуди само 1 до 3 од 10 вида потребна поддршка, или вид на поддршка, а тоа укажува на недостаток во поддршката за учениците со попреченост и нивното учество во образовниот процес.<br><br>**Не задоволува**<br>Училиштето не нуди никаков вид на ресурсна поддршка на учењето согласно Упатството за соработка и Концепцијата за инклузивно образование. Ова значи дека училиштето обезбедува помалку од 30% од вкупниот број потребна поддршка што е недоволно за адекватна поддршка на учениците со попреченост. На пример, ако училиштето воопшто не нуди ресурси, тоа значи дека не ги исполнува основните стандарди за поддршка на учениците со попреченост, што го ограничува нивното учество и напредок во образованието. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Поддршка и развој на ресурсни услуги во училиштата со ресурсен центар | **Многу добро**<br>Училиштето со ресурсен центар активно спроведува инклузивни практики и нуди широк спектар на специјализирани услуги за сите деца и ученици со попреченост. Овие услуги вклучуваат:<br><br>• **Индивидуални образовни планови (ИОП)**: Развивање на персонализирани наставни стратегии за секој ученик, со цел да се одговара на нивните уникатни образовни потреби.<br>• **Терапевтски услуги**: Вклучува физикална терапија, логопедска поддршка, психолошка и социјална работа, со цел да се обезбеди целосен развој на учениците.<br>• **Работа по модифицирана програма**: Имплементирање на прилагодени наставни програми кои помагаат на учениците со попреченост да учат според своите способности и интереси.<br>• **Подготовка за во училиште**: Програми за подготовка на учениците со попреченост за успешно интегрирање во училишната средина.<br>• **Инклузивни активности**: Организирање на работилници, проекти и социјални игри кои поттикнуваат социјална интеграција и соработка помеѓу сите ученици.<br>• **Асистивна технологија**: Обезбедување на дигитални алатки и ресурси кои поддржуваат учење на учениците со попреченост.<br>• **Стручна поддршка**: Редовна соработка со специјални едукатори и рехабилитатори за да се овозможи квалитетна поддршка.<br>• **Консултативни услуги**: Пружање на поддршка и информации за родители и семејства, со цел да се подобри домашната средина за учење и социјална интеграција.<br><br>Училиштето активно работи на зголемување на капацитетите на наставниците и стручните соработници за спроведување на инклузивни практики и редовно ја оценува ефикасноста на обезбедената поддршка<br><br>**Добро**<br>Училиштето со ресурсен центар нуди пристап голем број и вид на специјализирана поддршка  за ученици со попреченост, но не сите ученици можат да добијат соодветна поддршка. Иако постојат индивидуални образовни планови, училиштето сè уште работи на проширување на спектарот на ресурси. Работа по модифицирана програма е присутна, но може да биде ограничена во однос на времето и бројот на специјални едукатори и рехабилитатори. Училиштето организира инклузивни активности, но тие не се редовно достапни за сите ученици.<br><br>**Делумно задоволува**: Училиштето со ресурсен центар реализира мал број специјализирани поддршки за ученици со попреченост. Достапните услуги вклучуваат некои консултативни услуги и не сите ученици добиваат соодветна поддршка. Работа по модифицирана програма е присутна, но не |

| | | |
|---|---|---|
| | • Развивање на ресурсни услуги во заедницата | **Многу добро**<br>Основното училиште со ресурсен центар активно развива и имплементира широк спектар на ресурсна поддршка во заедницата за сите чинители во инклузивното образование. Оваа поддршка вклучува обуки за наставниците, работилници за родители, програми за поддршка на учениците со попреченост и менторски програми со локалната бизнис заедница. Локалната бизнис заедница и други важни партнери активно учествуваат во создавање можности за учениците со попреченост, како што се волонтирања и финансиска поддршка за училишни проекти.<br><br>**Добро**<br>Основното училиште со ресурсен центар развива ресурсна поддршка во заедницата, но тие не се доволно достапни за сите чинители во инклузивното образование. Потребна е подобрена соработка и зголемување на бројот на програми за поддршка, особено за родители и училишни тимови.<br><br>**Делумно задоволува**<br>Основното училиште со ресурсен центар нуди само основна ресурсна поддршка за некои чинители во инклузивното образование Има потреба од значително подобрување во воспоставувањето систематска поддршка и ресурси насочени кон инклузивното образование.<br><br>**Не задоволува**<br>Основното училиште со ресурсен центар не развива никаква ресурсна поддршка за чинителите во инклузивното образование. Локалната бизнис заедница и други партнери не нудат поддршка или ресурси за учениците со попреченост. Ова создава значителни пречки за реализација на инклузивното образование и ограничува можностите за развој на учениците со попреченост. |
| Извори на податоци за основно училиште со ресурсен центар<br><br>1.**Анкета со учениците**: Изработена е специјално адаптирана анкета за ученици со попреченост, неразвиен говор и умерени и комплексни потреби. Анкетата е дизајнирана да собере информации за искуствата, предизвиците и потребите на учениците во рамките на ресурсниот центар, со употреба на лесноразбирливи прашања и визуелни помагала.<br><br>**2.Анкета со родителите**: Спроведена е анкета со родителите на ученици кои посетуваат ресурсен центар. Целта е да се соберат податоци за нивните перцепции и ставови кон инклузивното образование, како и нивните очекувања и потреби | | |

во поддршката на децата.

**3.Анкета со наставниците**: Наставниците на ресурсниот центар се анкетирани за нивните методи на работа и искуства во вклучувањето на ученици со попреченост. Анкетата ќе ги истражи стратегиите за поддршка и иновации што ги применуваат во своето учење.

**4.Разговори во фокус групи**: Организирани се фокус групи со ученици, родители и наставници од ресурсниот центар. Овие разговори имаат за цел да ги истражат специфичните потреби, предизвици и успешни практики во инклузивното образование.

**5.Разговор со стручна служба**: Консултации со специјални едукатори и рехабилитатори во ресурсниот центар за собирање стручни сознанија и препораки во однос на методите на работа и поддршка на учениците со попреченост.

**6.Увид во ученичките досиеја**: Анализа на индивидуалните ученички досиеја во ресурсниот центар за собирање податоци за образовните планови и напредокот на учениците со попреченост. Овој увид помага во проценката на ефективноста на применетите стратегии.

**7.Увид во евиденцијата на стручните соработници**: Проценка на евиденцијата на стручните соработници во ресурсниот центар за разбирање на видот и обемот на поддршка што им се нуди на учениците со попреченост, како и нивната активност во рамките на образовниот систем.

| | | |
|---|---|---|
| 1.4.Оценување на ученици со ПОП | • Следење и оценување на сите ученици според ИОП и модифицирана програма | Многу добро<br><br>• Ресурсниот центар има јасно дефинирани критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди. Наставниците и специјалните едукатори редовно следат напредокот на учениците и ги информираат за критериумите за оценување.Учениците учествуваат во индивидуални активности и користат визуелни алатки (како слики и графикони) за да ја разберат својата оценка.<br>• Родителите активно учествуваат во процесот и добиваат редовни информации за напредокот на своето дете.<br>Добро<br><br>• Ресурсниот центар има утврдени критериуми за оценување, но тие не се целосно усогласени со националните стандарди. Наставниците ги применуваат критериумите, но комуникацијата со учениците и родителите е ограничена.<br>• Учениците со умерени и комплексни потреби добиваат помош, но не секогаш разбираат што значат оценките. Корисни се визуелни распоредници и кратки објаснувања.<br>• Родителите не се доволно информирани за оценувањето на своето дете, што создава неразбирање.<br>Делумно задоволува<br><br>• Ресурсниот центар има некои критериуми за оценување, но тие не се целосно усогласени со националните стандарди. Наставниците не ги информираат редовно учениците и родителите за критериумите.<br>• Учениците со умерени и комплексни потреби не добиваат јасни насоки за оценување, што може да доведе до конфузија во однос на нивниот напредок.<br>• Родителите често немаат информации за тоа како да ги поддржат своите деца.<br>Не задоволува<br><br>• Ресурсниот центар нема јасно дефинирани критериуми за оценување, а критериумите што постојат не се усогласени со националните стандарди.<br>• Наставниците не применуваат структуриран пристап за оценување, а учениците и родителите не се запознаени со методите за оценување.<br>• Учениците со умерени и комплексни потреби не знаат какви се очекувањата и не добиваат соодветна поддршка за својот напредок. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Методи, форми, техники и инструменти на оценување | Многу добро<br><br>• Наставниците и специјалните едукатори активно користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување, што овозможува континуирано следење на напредокот на учениците.<br>• Учениците, во согласност со нивните индивидуални можности и способности, активно учествуваат во оценувањето преку поддржано самооценување и структурирани групни дискусии. Кога учениците не разбираат или не можат активно да учествуваат во традиционалните форми на самооценување, специјалните едукатори применуваат индивидуализирани визуелни помагала и интерактивни активности, како што се игра со симулации и сликовни распоредници, за да им помогнат на учениците да ја разберат својата напредок.<br>• Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба и специјалните едукатори, со воведување на прилагодени алатки за подобро разбирање на оценките.<br>• Редовната и конструктивна обратна информација се дава на учениците, фокусирана на напредокот, со вклучување на специјалните едукатори за дополнителна поддршка.<br>Добро<br><br>• Голем број наставници и специјални едукатори користат различни методи и форми за оценување, но постои простор за подобрување во континуираното следење на напредокот.<br>• Учениците, согласно нивните способности, повремено се вклучуваат во оценувањето, но ова не е присутно во сите предмети. Кога учениците не можат да разберат критериумите за оценување, специјалните едукатори им помагаат да користат визуелни помагала и практични примери.<br>• Инструментите за оценување се делумно унапредувани со помош на стручната служба и специјалните едукатори, но има потреба од поинтензивна соработка за оптимизирање на процесот на оценување.<br>Делумно задоволува<br><br>• Мал бројнаставници и специјални едукатори применуваат ограничени методи и инструменти за оценување, што доведува до недостаток на континуирано следење на напредокот на учениците.<br>• Учениците, во согласност со нивните можности, само повремено учествуваат во оценувањето, а специјалните едукатори обезбедуваат поддршка за разбирање на критериумите за оценување. |

| | | |
|---|---|---|
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | **Многу добро**<br><br>• Наставниците активно ги користат информациите добиени од оценувањето за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата. Тие редовно им даваат разбирливи и прилагодени повратни информации на учениците, прилагодени на нивните индивидуални способности за разбирање. Учениците со попреченост, активно учествуваат во процесот на оценување преку самооценување, групни дискусии и интеракции, поддржани од специјалните едукатори. Специјалните едукатори се вклучени во адаптирање на наставните материјали и алатки, што им овозможува на учениците да разберуваат и применуваат информации за својот напредок и да се чувствуваат охрабрени во нивните напори.<br>**Добро**<br><br>• Голем број наставници користат информации од оценувањето за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата, но не секогаш на редовен основ. Голем број наставници обезбедуваат разбирливи и прилагодени повратни информации на учениците, што им помага во подобрувањето на нивното разбирање. Учениците со попреченост добиваат поддршка за учење, но понекогаш не се доволно вклучени во процесот на оценување. Специјалните едукатори активно соработуваат со наставниците за да ги охрабрат учениците да учествуваат во оценувањето и да им помогнат да ги применуваат своите способности.<br>**Делумно задоволува**<br><br>• Мал број наставници ги користат информациите од оценувањето, но само малку од нив ги применуваат во планирањето и реализацијата на наставата. Ограничен број наставници им даваат разбирливи и прилагодени повратни информации на учениците. Учениците, во согласност со нивните потреби, понекогаш добиваат соодветна поддршка за учење, но учениците со попреченост, особено оние со неразвиен говор и комплексни потреби, не се редовно вклучени во активности кои ги охрабруваат да учествуваат во оценувањето.<br>**Не задоволува**<br><br>• Неначителен број наставници скористат информациите добиени од оценувањето за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата. Наставниците не даваат разбирливи и прилагодени повратни информации на учениците, што доведува до |

**Документи**

Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование (БРО, 2021)
Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта (МОН, 2019 и 2020-дополнување)
Критериуми за оценување на постигањата на учениците (БРО)

**Извори на податоци**

Програма за работа на училиштето; распоред за додатна и дополнителна настава; списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава; правилник за оценување и напредување на учениците; интерен правилник за оценување; увид во педагошката евиденција и документација; користените инструменти за оценување; примери на оценети ученички трудови; записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа адаптирани за учениците со попреченост  и наставниците, родителите; инструменти за индивидуализирани начини на проверка;

| | | |
|---|---|---|
| 1.5.Воннаставни активности и натпревари | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | **Многу добро**<br><br>Училиштето активно планира и реализира разновидни воннаставни активности, целосно прилагодени на потребите и интересите на учениците со попреченост. Учениците со попреченост се активно вклучени во планирањето и реализацијата на активностите, со значајна поддршка од специјалните едукатори и рехабилитатори, родителите и наставниците. Училиштето планира и реализира воннаставни активности во соработка со основните училишта во реонот.<br><br>**Добро**<br><br>Училиштето планира и реализира воннаставни активности, кои делумно се прилагодени на потребите и интересите на учениците со попреченост. Учениците со попреченост учествуваат во некои од активностите, но нивната улога во планирањето е ограничена. Поддршката од специјалните едукатори е присутна, но не е секогаш доволна за целосно вклучување на сите ученици.<br><br>**Делумно задоволува**<br><br>Училиштето планира воннаставни активности, но не ги реализира на начин кој ги задоволува на потребите на учениците со попреченост. Воннаставните активности се ограничени и не ги одразуваат целосно интересите на учениците со попреченост. Учениците со попреченост имаат минимална улога во изборот и планирањето на активностите, а поддршката од специјалните едукатори е недоволна.<br><br>**Не задоволува**<br><br>Училиштето не планира или не реализира воннаставни активности кои одговараат на потребите на учениците со попреченост. Воннаставните активности се речиси непостоечки, а учениците со попреченост не се вклучени во изборот или планирањето. Нема соработка со специјалните едукатори, што дополнително ги исклучува учениците со попреченост од можностите за учество во воннаставните активности. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Многу добро<br><br>Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност.<br><br>Во училиштето, со учениците од третиот образовен период, се реализираат општествено-хуманитарни активности, во рамки на воннаставните активности.. Училиштето ги прилагодува активностите да ги одразуваат потребите и интересите на учениците, обезбедувајќи поддршка од наставниците за вклучување на сите.<br><br>**Добро**<br><br>Повеќето ученици од различен пол и со различни јазици на наставата учествуваат во воннаставните активности, но не сите се запознаени со сите можности. Училиштето организира воннаставни активности, но учеството на учениците од различни позадини не е целосно. Поддршката од наставниците постои, но не секогаш е доволна за сите ученици.<br><br>**Делумно задоволува**<br><br>Неколку ученици од различен пол и јазик на наставата учествуваат во воннаставни активности, но нивното вклучување е ограничено. Воннаставните активности не се доволно прилагодени за учениците од различни позадини. Наставниците не ги вклучуваат редовно учениците со различен јазик во активностите, што води до ограничено учество.<br><br>**Не задоволува**<br><br>Училиштето не нуди воннаставни активности кои се прилагодени за учениците од различен пол и со различни јазици на наставата. Многу ученици не се запознаени со воннаставните активности, а учеството на учениците од различни позадини е минимално или непостоечко. Недостатокот на поддршка од наставниците води до исклучување на учениците со различни потреби и интереси. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Потикнување, вклученост и поддршка на учениците за учество во натпревари | **Многу добро**<br>Училиштето организира голем број натпреварувачки активности кои ги поддржуваат учениците со попреченост во нивното учество и социјализација. Сите ученици со попреченост активно учествуваат во барем една натпреварувачка активност. Овие активности се прилагодени на нивните индивидуални потреби и способности, со поддршка од специјалните едукатори и наставниците.<br><br>**Добро**<br>Училиштето организира неколку натпреварувачки активности, но само околу 40% од учениците се вклучени. Иако некои активности се прилагодени на нивните потреби, постои потреба за подобрување на учеството на сите ученици во овие активности.<br><br>**Делумно задоволува**<br>Училиштето организира ограничен број натпреварувачки активности, а само 20% од учениците учествуваат. Има недостаток од соодветна поддршка и адаптации за да се осигура вклучување на сите ученици.<br><br>**Не задоволува**<br>Училиштето не организира натпреварувачки активности кои би ги вклучиле учениците. Потребно е значително подобрување во планирањето и реализацијата на активности за да се осигура учество на сите ученици, независно од нивните способности. |

**Документи**

- **Концепција за воннаставни активности во основното образование** (БРО, 2020)
- **Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование** (МОН, 2019 и 2020-дополнување)

**Извори на податоци**

- Годишна програма за работа;
- Програми за воннаставни активности адаптирани за ученици со попреченост, вклучувајќи инклузивни методи и средства;
- Извештаи од реализирани екскурзии со вклученост на ученици со посебни потреби;
- Педагошка евиденција и документација, со посебен акцент на ученици со попреченост;
- Дипломи, признанија и пофалници од учество на манифестации и натпревари на ученици со попреченост;
- Интервјуа и анкети со наставници, родители, ученици и стручни соработници за воннаставни активности;
- Записници од стручни активи и ученичка заедница, со посебен осврт на вклученоста на ученици со попреченост;
- Список на ученици со попреченост вклучени во воннаставни активности;
- Увид во интернет-страницата, весниците, програмата на радиото и социјалните мрежи за промоција на активностите;
- Акциски план за правата на детето, со фокус на инклузијата на ученици со попреченост.

2 Подрачје: Постигнувања на учениците

| Индикатори | Теми | |
|---|---|---|
| 2.1. Постигнувања на учениците | • Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според воспитно образовни периоди | **Многу добро**<br><br>Училиштето редовно прибира, анализира и користи податоци за постигнувањата на учениците со попреченост, вклучувајќи пол, јазик на наставата и развојни периоди. По секој развоен период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со мерки за подобрување на постигнувањата на учениците, кој се разгледува квартално. Учеството и постигнувањата во воннаставните активности на учениците со попреченост се континуирано следат и документираат, со прилагодувања на нивните потреби.<br><br>**Добро**<br><br>Училиштето прибира и користи податоци за постигнувањата на учениците со попреченост според пол, јазик на наставата и развојни периоди. Сепак, активностите за подобрување на постигнувањата се спроведуваат со одредени ограничувања и не секогаш резултираат со значителни промени. Учеството и постигнувањата во воннаставните активности се следат, но не секогаш се преземаат дополнителни активности за подобрување.<br><br>**Делумно задоволува**<br><br>Училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците со попреченост според пол и јазик на наставата за сите развојни периоди, но не презема доволно активности за подобрување. Учеството и постигнувањата во воннаставните активности се документираат, но недостаток на анализи и акциски планови го ограничуваат напредокот.<br><br>**Не задоволува**<br><br>Училиштето не прибира или не користи податоци за постигнувањата на учениците со попреченост според пол, јазик на наставата или развојни периоди. Не постојат активности за подобрување на постигнувањата на учениците, а учеството и постигнувањата во воннаставните активности не се следат или документираат. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | **Многу добро**<br><br>Училиштето има јасно утврден и доследно применуван систем за редовно известување на родителите/старателите за напредокот на учениците со попреченост. Родителите добиваат информации за постигањата на своите деца неделно, месечно и по секој развоен период (тримесечје). Овие информации се детални и опфаќаат напредок во сите области: академски резултати, социјални вештини и индивидуални цели. Дополнително, е-дневникот е уредно воден, што им овозможува на родителите постојан и лесен пристап до информациите за напредокот на нивните деца. Ова овозможува транспарентна комуникација и брза поддршка во случај на потреба.<br><br>**Добро**<br><br>Училиштето има функционален систем за известување на родителите, при што тие добиваат информации на месечно ниво и по секој развоен период. Иако постојат редовни извештаи, известувањето не е секогаш неделно, а е-дневникот не се ажурира секогаш навремено, што го ограничува редовниот пристап на родителите до тековни информации. Сепак, училиштето поттикнува комуникација со родителите и овозможува пристап до важни податоци за напредокот на учениците.<br><br>**Делумно задоволува**<br><br>Училиштето известува за постигањата на учениците со попреченост по секој развоен период, но нема редовно неделно или месечно известување. Родителите се информирани за можностите за комуникација, но училиштето не презема проактивни мерки за да ги поттикне на редовен контакт. Е-дневникот е само делумно воден, што ги оневозможува родителите целосно да го следат напредокот на своите деца во реално време.<br><br>**Не задоволува**<br><br>Училиштето нема воспоставен систем за редовно известување на родителите/старателите за напредокот на учениците со попреченост. Информациите за постигањата се даваат само повремено или на крајот на развојниот период, без континуиран и структурирано следење. Е-дневникот не се води или не е достапен, што ги спречува родителите да добиваат навремени информации за напредокот на своите деца. |

<table>
<tr><td colspan="3">Извори на податоци<br>Е-дневник; записници од родителски состаноци; анализи на постигања по различни критериуми и квалификациони периоди и акциски план за подобрување; наставници, родители; интервјуа со стручни соработници, директор.</td></tr>
<tr><td>2.2.Мерки за подобрување на постигањата</td><td>• Поддршка на редовноста во наставата за учениците со попреченост преку соодветни методи и пристапи на учење за создавање на инклузивна училишна средина.</td><td>Многу добро<br>Училиштето систематски следи редовноста на учениците со умерени, тешки и комплексни потреби. Тоа активно анализира причините за отсуства и презема конкретни мерки за подобрување. Во соработка со родителите/старателите, институциите (МТСП, центри за социјална работа) и граѓанските организации, училиштето организира индивидуализирани активности за зголемување на редовноста. Просечниот број неоправдани изостаноци по ученик е помал од пет во два извештајни периоди, а во поголем дел од паралелките, учениците со попреченост имаат до два неоправдани изостаноци.<br><br>Добро<br>Училиштето следи редовноста на учениците со попреченост, но анализите не се доволно детални и не ги земаат предвид индивидуалните потреби на секој ученик. Соработката со родителите/старателите е активна, но не се организираат специфични активности за поддршка на учениците. Просечниот број неоправдани изостаноци по ученик е помеѓу пет и осум, а во повеќето паралелки, учениците имаат помалку од пет неоправдани изостаноци.<br><br>Делумно задоволува<br>Училиштето ја следи редовноста на учениците со попреченост, но активностите за намалување на изостаноците не се засновани на детаљни анализи. Соработката со родителите се одвива преку општи родителски средби, без фокус на специфичните предизвици со кои се соочуваат учениците со попреченост. Просечниот број неоправдани изостаноци по ученик е помеѓу осум и 12, а во повеќето паралелки овој број е поголем од пет. Мерките за зголемување на редовноста не даваат видливи резултати.<br><br>Не задоволува<br>Училиштето не систематски ја следи редовноста на учениците со попреченост и не анализира причините за нивните отсуства. Не постојат конкретни активности за намалување на изостаноците, а соработката со родителите е минимална. Просечниот број неоправдани изостаноци по ученик е поголем од 12, и училиштето не презема мерки за подобрување на присутноста на учениците од ранливи категории.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | • Советување на родители/старатели и ученици за унапредување на образовните резултати, со фокус на индивидуалните потреби и развојни цели. | **Многу добро**<br>Училиштето редовно и систематски спроведува советувања за родителите на учениците со попреченост. За секое советување се води уредна документација, а родителите се информирани за напредокот на нивните деца. Училиштето активно соработува со надлежните институции и стручни лица, а резултатите од советувањата се анализираат за да се утврди влијанието на советувањата на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Овие советувања доведуваат до значајно подобрување на постигнувањата на учениците, а родителите се поттикнати да учествуваат во процесот на поддршка на нивните деца.<br><br>**Добро**<br>Училиштето спроведува советувања за родителите на учениците со попреченост, при што води основна документација. Родителите добиваат информации за напредокот на нивните деца, но не се редовно информирани за резултатите од советувањата. Училиштето соработува со некои надлежни институции, но анализите на резултатите од советувањата не се систематски изведуваат. Советувањата можеби донесуваат некои позитивни резултати, но не се доволни за значајно подобрување на постигнувањата на учениците.<br><br>**Делумно задоволува**<br>Училиштето спроведува советувања за родителите на учениците со попреченост, но не води детална документација и не ги информира надлежните институции за резултатите. Иако родителите добиваат информации за напредокот на нивните деца, овие советувања не резултираат во значајни подобрувања на постигнувањата на учениците. Родителите не се доволно поттикнати да се вклучат во активности што би можеле да придонесат за подобрување на успехот и редовноста на своите деца.<br><br>**Не задоволува**<br>Училиштето не спроведува редовни советувања за родителите на учениците со попреченост. Не води никаква документација за напредокот на учениците, а родителите не се информирани за нивниот напредок. Соработката со надлежните институции е минимална или непостоечка, а анализата на резултатите од советувањата не се спроведува. Овие недостатоци доведуваат до недостиг на поддршка за родителите и недостаток на информации за подобрување на постигањата на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава, со акцент на развој на вештини и способности во согласност со ИОП и модифицирана програма | **Многу добро**<br>Училиштето организира индивидуализирана настава и поддршка по сите предмети, усогласена со индивидуалните потреби на учениците со попреченост. Секој месец, се изработува распоред за индивидуализирана настава и активности, кој е видливо истакнат на достапно место во училиштето. Постои јасна анализа и докази дека индивидуализираната и диференцираната настава, во комбинација со поддршка од специјалните едукатори, значително придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците со попреченост.<br><br>**Добро**<br>Училиштето организира индивидуализирана настава и поддршка по некои предмети, но усогласувањето со потребите на учениците со попреченост не е секогаш доследно. Распоредот за индивидуализирана настава не е редовно изработуван или видливо истакнат. Анализите на ефектите од индивидуализираната и диференцираната настава се ограничени, а придонесот на специјалните едукатори не е доволно истакнат.<br><br>**Делумно задоволува**<br>Училиштето организира индивидуализирана настава, но таа не е редовно прилагодена на потребите на учениците со попреченост. Распоредот за индивидуализирана настава не се изработува секој месец и не е истакнат на достапно место. Анализите и доказите за ефектите од индивидуализираната и диференцираната настава не се редовно спроведени, а специјалните едукатори не учествуваат во процесот на планирање.<br><br>**Не задоволува**<br>Училиштето не организира индивидуализирана настава или поддршка за учениците со попреченост. Нема изработен распоред за индивидуализирана настава, а активностите не се прилагодуваат на индивидуалните потреби на учениците. Анализите на ефектите од индивидуализираната и диференцираната настава не постојат, а улогата на специјалните едукатори е занемарена. |

**Извори на податоци**

- Записници од советувања со родители и ученици;
- Распоред и списоци за индивидуализирана настава;
- Е-дневник со информации за напредокот на учениците;
- Извештаи за соработка со различни чинители (институции, организации) за подобрување на постигањата на учениците;
- Анализи на резултатите од индивидуализираната и прилагодената настава;

3 Подрачје: Училишна клима

| Индикатори | Теми | Дескриптори |
| --- | --- | --- |

| | | |
|---|---|---|
| 3.1.Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето | **Многу добро**<br>Основното училиште со ресурсен центар е широко признато на локално, регионално и државно ниво како училиште кое активно промовира инклузивност и високи постигања за учениците со попреченост. Училиштето организира специфични воннаставни активности прилагодени на индивидуалните потреби на учениците, што им овозможува да учествуваат активно и да ги развиваат своите вештини и самодоверба.Училиштето редовно користи различни медиуми, вклучувајќи училишен весник, радио, интернет-страница и социјални мрежи, за да ги афирмира активностите и постигнувањата на учениците со попреченост. Оваа промоција не само што ја истакнува важноста на инклузивното образование, туку и ја охрабрува локалната заедница да биде вклучена и да ја поддржи.<br><br>Има воспоставен систем за редовно известување на родителите и локалната заедница за напредокот и достигнувањата на учениците со попреченост, што дополнително поттикнува свесност и поддршка од заедницата.<br><br>**Добро**<br>Основното училиште со ресурсен центар организира некои воннаставни активности за учениците со попреченост, но тие не се систематски прилагодени на нивните потреби. Училиштето периодично ги известува родителите за постигнувањата на учениците, но недостасува редовна комуникација и поддршка.<br><br>Училиштето не користи ефективно медиумите за да ги промовира активностите на учениците, што доведува до недоволна свесност во локалната заедница.<br><br>**Делумно задоволува**<br>Основното училиште со ресурсен центар понекогаш презема активности за промовирање на постигнувањата на учениците со попреченост, но тие активности не се редовни и не се доволно видливи. Училиштето не успева целосно да ги афирмира своите воннаставни активности преку училишните медиуми, што ограничува свесноста за успехот на учениците.<br><br>Недостатокот на редовна промоција влијае на нивната видливост во заедницата и на можностите за дополнително вклучување и поддршка<br><br>**Не задоволува**<br>Основното училиште со ресурсен центар не презема редовни активности за промовирање на постигнувањата на учениците со попреченост. Воннаставните активности се минимални и не се прилагодени на |

| | | |
|---|---|---|
| | • Кодекс на однесување | **Многу добро**<br><br>Основното училиште со ресурсен центар има јасно дефиниран кодекс на однесување, специјално прилагоден на потребите на учениците со попреченост. Кодексот е изработен на начин што е достапен и разбирлив за сите ученици, користејќи комбинација од текст, слики и знаци. Овој кодекс ги утврдува принципите и правилата на однесување за сите учесници во училиштето, вклучувајќи ученици, родители, наставници и специјални едукатори.<br><br>Процесот на изработка на кодексот вклучува активно учество на сите засегнати страни, што овозможува инклузивност и разбирање на специфичните потреби на учениците. Училиштето има утврдени и спроведувани процедури за постапување во случаи на прекршување на кодексот, со конкретни примери за успешна имплементација.<br><br>Училиштето редовно ги ажурира содржините на кодексот, вклучувајќи повратни информации од сите учесници, за да осигура дека кодексот останува актуелен и применлив во согласност со потребите на учениците со попреченост.<br><br>**Добро**<br><br>Основното училиште со ресурсен центар има кодекс на однесување, но во значителен дел не е адаптиран на потребите на учениците со попреченост. Кодексот е изработен, но не е целосно достапен или разбирлив за сите ученици, а процесот на изработка не вклучува доволно учество на засегнатите страни.<br><br>Училиштето има некои процедури за постапување во случаи на прекршување на кодексот, но недостатокот на примери од реалната практика ја намалува ефикасноста на кодексот. Ажурирањето на содржините на кодексот не е редовно, што може да доведе до застарени информации и недостиг на свесност за промените во потребите на учениците со попреченост.<br><br>**Делумно задоволува**<br><br>Основното училиште со ресурсен центар има кодекс на однесување, но не е целосно прилагоден на потребите на учениците со попреченост. Кодексот постои, но не е доволно јасен или разбирлив за сите ученици. Процесот на изработка не вклучува сите релевантни засегнати страни, што ја ограничува инклузивноста. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Училишна клима | **Многу добро**<br><br>Во основното училиште со ресурсен центар, постои активно и заемно почитување меѓу сите учесници во училишниот живот. Вработените, вклучувајќи специјални едукатори, активно соработуваат за да создадат позитивна и поддржувачка атмосфера. Учениците се охрабрени да учествуваат во различни активности, што ги поттикнува да се грижат едни за други и за училиштето.<br><br>Сите ученици, особено оние со попреченост, се чувствуваат безбедно и прифатено од возрасните и од своите врсници. Училиштето активно работи на минимизирање на заканите, говорот на омраза, провокациите и навредите. Секојдневната средина за учење ги мотивира учениците да поставуваат повисоки цели и да ги развиваат своите способности.<br><br>**Добро**<br><br>Во училиштето постои заемно почитување помеѓу вработените и учениците, а професионалната соработка е присутна, особено меѓу наставниците и специјалните едукатори. Учениците учествуваат во некои активности и се поттикнуваат да се грижат едни за други. Меѓутоа, постојат повремени случаи на неразбирање или несогласувања меѓу учениците.<br><br>Некои ученици, особено оние со попреченост, можат да се чувствуваат малку исклучени. Училиштето работи на создавање на безбедна средина, но сеуште има простор за подобрување во справувањето со негативни појави. Средината за учење во целост не ги мотивира сите ученици да поставуваат високи цели.<br><br>**Делумно задоволува**<br><br>Во училиштето постои основна соработка меѓу вработените и учениците, но се забележуваат случаи на нарушени односи и недостиг на поврзаност. Наставниците и специјалните едукатори не секогаш покажуваат доследност во создавањето позитивна атмосфера. Понекогаш, учениците се чувствуваат несигурно и неразбрано, особено оние со попреченост.<br><br>Има случаи на закани, говор на омраза или негативни пораки, што влијае на атмосферата во училиштето. Не се посветува доволно внимание на важноста на взаимната поддршка и грижата за учениците. Средината за учење не ги мотивира сите ученици да поставуваат повисоки цели, а некои од нив можат да се задоволат со ниски очекувања од себе. |

| | | |
|---|---|---|
| | • Поведение и дисциплина во училиштето | **Многу добро**<br><br>Училиштето има јасен куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Работната атмосфера е позитивна, што ги охрабрува учениците да учат и да учествуваат. Вработените, вклучувајќи специјалните едукатори, активно следат однесувањето на учениците, особено за време на одморите и приемот и заминувањето од училиштето.<br><br>Во случаи на несоодветно однесување, училиштето веднаш реагира и обезбедува индивидуализирана поддршка за учениците со попреченост. Сите ученици се чувствуваат безбедно и прифатено, што создава позитивна училишна средина.<br><br>**Добро**<br><br>Училиштето има куќен ред, кој се почитува во голема мера. Работната атмосфера е генерално позитивна, но понекогаш се појавуваат нарушувања. Вработените активно ги следат однесувањата на учениците и се трудат да ги решаваат проблемите.<br><br>Кога се појави несоодветно однесување, училиштето презема мерки за справување, но понекогаш не успева да обезбеди доволна поддршка за учениците со попреченост. Тимот за поддршка е вклучен, но не е секогаш проактивен.<br><br>**Делумно задоволува**<br><br>Училиштето има куќен ред, но не секогаш се почитува. На одредени часови, работната атмосфера може да биде нарушена, што влијае на квалитетот на наставата. Вработените следат однесувањата, но не секогаш успешно.<br><br>Кога се случи несоодветно однесување, училиштето не обезбедува адекватна поддршка за учениците со попреченост, што може да доведе до недостаток на помош во справувањето со нивните предизвици.<br><br>**Не задоволува**<br><br>Училиштето не успева да воспостави ефикасен куќен ред, а бројот на прекршувања е висок. Работната атмосфера е често нарушена, што негативно влијае на учењето. Вработените не успеваат да создадат позитивна средина и не се справуваат со несоодветното однесување. |

**Документи**

1. **Правилник за поддршка на ученици со попреченост**
   Оваа документација опишува специфични мерки за поддршка на учениците со попреченост, вклучувајќи адаптации на наставата и методи за инклузивно учење.
2. **Водич за ученичко учество, организирање и заштита на правата на децата во основното образование** (Коалиција СЕГА, 2019)
   Водичот нуди насоки за инклузивно учество на учениците, вклучувајќи и учениците со попреченост, во сите аспекти на училишниот живот, со акцент на правата на децата.

**Извори на податоци**

- **Кодекс на однесување**
  Разработен со учество на учениците, наставниците и родителите, овој документ ги дефинира правилата на однесување во училиштето, прилагоден за разбирливост за учениците со попреченост, вклучувајќи визуелни елементи и едноставен јазик.
- **Анкети и интервјуа со наставниците, родителите и учениците**
  Собраните информации помагаат во оценувањето на ефективноста на поддршката за учениците со попреченост и во утврдувањето на областите за подобрување.
- **Педагошка евиденција за изречени мерки**
  Овој документ служи за следење на применетите мерки за поддршка и напредокот на учениците со попреченост, вклучувајќи и индивидуални извештаи.
- **Статут на училиштето**
  Опишува структурата и функционирањето на училиштето, вклучувајќи политики за инклузивност и поддршка на учениците со попреченост.
- **Куќен ред на училиштето**
  Уредува правила за однесување во училиштето, прилагодени на потребите на учениците со попреченост, со акцент на создавање пријателска и безбедна средина.
- **Пофалби, награди и признанија**
  Документирање на постигнувањата на учениците, вклучувајќи и посебни награди за ученици со попреченост, за да се поттикне позитивното однесување и напредок.
- **Написи за училиштето во медиумите и на социјалните мрежи**
  Промовирање на активности и успеси на учениците, со акцент на инклузивност и поддршка за учениците со попреченост.

3.2.Еднаквост

| | | |
|---|---|---|
| и правично | • Ученичко ор<br><br>ганизирање ( во ученички парламент, правобранител со поддршка на родител) | **Многу добро**<br><br>Во училиштето активно функционираат механизми за поддршка на учениците со попреченост. Наставниот кадар и стручните соработници редовно работат со учениците за да ги идентификуваат нивните потреби и да обезбедат соодветна поддршка. Учениците со попреченост (80%) активно учествуваат во образовниот процес, а училиштето има воспоставено индивидуални образовни планови (ИОП), кои се редовно ревидирани и прилагодени. Учениците добиваат дополнителна помош од специјални едукатори и рехабилитатори, што создава позитивна и инклузивна средина каде што сите ученици се чувствуваат безбедно и поддржано.<br><br>**Добро**<br><br>Во училиштето постојат механизми за поддршка на учениците со попреченост, но примената не е целосно конзистентна. Наставниците и стручните соработници (60%) понекогаш работат со учениците за да ги идентификуваат нивните потреби и да обезбедат соодветна поддршка. Индивидуалните образовни планови (ИОП) се создадени, но не секогаш редовно се ажурираат. Иако постојат иницијативи за инклузија, не сите ученици со попреченост (40%) добиваат доволна поддршка за да се вклучат во образовниот процес.<br><br>**Делумно задоволува**<br><br>Во училиштето постојат основни механизми за поддршка на учениците со попреченост, но тие не се редовно применувани. Наставниците (50%) не секогаш се запознаени со специфичните потреби на учениците со попреченост, што доведува до недостаток на соодветна поддршка. Индивидуалните образовни планови (ИОП) не се секогаш развиени или ажурирани, а комуникацијата помеѓу наставниците и стручните соработници е ограничена. Поради тоа, учениците со попреченост (30%) не добиваат доволна поддршка и не се целосно вклучени во образовниот процес.<br><br>**Не задоволува**<br><br>Во училиштето не постојат ефективни механизми за поддршка на учениците со попреченост. Наставниците (20%) не се обучени да идентификуваат и да реагираат на потребите на учениците со попреченост, а индивидуалните образовни планови (ИОП) не се разработени. Комуникацијата помеѓу наставниците и стручните соработници е недоволна, што води до изолирање на учениците со попреченост (10%) од образовниот процес. Ова создава неповолна и неинклузивна средина, што негативно влијае на развојот и |

| | | |
|---|---|---|
| | • <br><br> Еднаков и правичен третман на сите ученици | **Многу добро**<br><br>Училиштето активно промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици, без ралика на попреченоста. Учениците, со помош на вработените и родителите, знаат да препознаат нееднаков третман и имаат јасна процедура за пријавување на таквите случаи. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките за нееднаков третман, а сите ученици се активно вклучени во училишните активности. Создадена е инклузивна и поддржувачка средина во која сите ученици можат да учествуваат и напредуваат.<br><br>**Добро**<br><br>Училиштето промовира еднаквост и правичност како темелни вредности во сите свои документи. Учениците, вклучително и учениците со попреченост, знаат каде да се обратат во случаи на нееднаков третман. Училиштето во одредена мера реагира на поплаките за нееднаков третман, но механизмите за поддршка не се доволно развиени за да обезбедат целосно вклучување на сите ученици во сите аспекти на училишниот живот. Сепак, некои ученици не се редовно вклучени во училишните активности.<br><br>**Делумно задоволува**<br><br>Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста во своите документи, но механизми за нивно почитување во односите меѓу сите учесници во училишниот живот не се развиени. Учениците со попреченост понекогаш не се вклучени во училишните активности, што доведува до недостаток на целосна информираност за нивните права и можности. Постојат иницијативи, но тие не се спроведуваат редовно.<br><br>**Не задоволува**<br><br>Училиштето не промовира еднаквост и правичност, а постојат случаи на нееднаков третман на учениците, вклучително и учениците со попреченост. Нема разработени механизми за реагирање на поплаките за нееднаков третман, а учениците не се запознаени со процедурата за пријавување на таквите случаи. Училиштето не обезбедува вклучување на учениците со попреченост во училишните активности, што резултира во нивно изолирање и недостаток на поддршка. |

**Извори на податоци**

1. **Анализа на визуелни и сензорни алатки**: Употреба на графички, сензорни и визуелни алатки за собирање информации од учениците, родителите и наставниците за искуствата на учениците со попреченост.
2. **Записници од активности**: Документирани извештаи од спроведени активности за запознавање на учениците со нивните права, користејќи слики и симболи за подобра разбирливост.
3. **Записници од Ученичкиот парламент**: Записници од состаноците на Ученичкиот парламент, со визуелни помагала за ученици кои не се вербални, вклучувајќи број на поднесени претставки и начини на разрешување на истите.
4. **Записници од ТУИ (Тим за училишна интеграција)**: Записници од работата на ТИУ, документирајќи активности и поддршка за учениците со попреченост, со користење на слики и графики.
5. **Дневник за работа на стручните соработници**: Регистрирање на работата и интервенциите на стручните соработници, специјалните едукатори и рехабилитатори, со визуелни описни материјали.
6. **Оперативен план за наставен час**: Документирање на планирањето и реализацијата на наставните активности, со адаптации за учениците кои не се вербални.
7. **Записници од наставнички совет**
8. **Критериуми и процедури за избор на ученик на генерација**: Процедури кои ги вклучуваат сите ученици, со акцент на инклузивноста и правичноста во оценувањето, прикажани на разбирлив начин. Критериумите за избор на ученик на генерација да се прилагодени на анчин  да ја одразуваат различноста на способностите на учениците

| | | |
|---|---|---|
| 3.3.Партнерски однос<br>со заедницата | • Соработка на училиштето со родителите/старателите | **Многу добро**<br>Информациите за работата на училиштето се достапни на родителите во писмена и електронска форма, вклучувајќи и информации специфични за потребите на учениците со попреченост. Училиштето организира редовни активности за вклучување на родителите во воспитно-образовната работа, особено за родителите на учениците со попреченост. Родителите се активно вклучени во работилници и состаноци, каде што можат да споделат идеи и да дадат повратни информации. Постојат документирани предлози од родителите, кои се успешно реализирани, и мислењата на родителите на учениците со попреченост влијаат на одлуките во училиштето.<br><br>**Добро**<br>Информациите за работата на училиштето се достапни, но може да се подобри јасноста и деталноста, особено за родителите на учениците со попреченост. Училиштето организира неколку активности за вклучување на родителите, но тие не се доволно чести. Иако родителите можат да даваат предлози, само мал дел од нивните идеи за подобрување на процесот на инклузија се реализирани. Мислењата на родителите во одредени случаи влијаат на одлуките, но не секогаш се слушаат.<br><br>**Делумно задоволува**<br>Информациите за работата на училиштето не се доволно јасни и детални за родителите, особено за родителите на учениците со попреченост. Училиштето прифаќа некоја поддршка од родителите, но активностите за вклучување на родителите се ограничени. Ретко постои можност за родителите да даваат идеи за подобрување на процесот на инклузија, и нивните мислења не влијаат значително на одлуките во училиштето.<br><br>**Не задоволува**<br>Информациите за работата на училиштето не се достапни на родителите, особено за оние на учениците со попреченост. Училиштето не организира активности за вклучување на родителите и не ги охрабрува да учествуваат во животот на училиштето. Родителите немаат можност да даваат идеи за подобрување на воспитно-образовниот процес, и нивните ставови не влијаат на одлуките што се донесуваат во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
